РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

# Е Л А Б О Р А Т

**ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ХУМАНИСТИЧКИТЕ НАУКИ ПО**

**ФИЛОЗОФИЈА**

**Трет циклус - докторски студии**

**ИНСТИТУЦИЈА ПРЕДЛАГАЧ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА**

**Филозофски факултет - Скопје**

**Скопје, 2023 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| | истакнува придонесот што го чини Универзитетот за Македонија и за пошироката регионална заедница. http://ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=155&glavno=1 |
| Други податоци што високообразовната установа сака да ги наведе како аргумент за својата успешност | |

## 2. Основни податоци за студиската програма за која се бара акредитација/повторна акредитација

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Назив на студиската програма | Филозофија |
| 2 | Назив на единица на Универзитетот | Филозофски факултет - Скопје |
| 3 | Предлог-Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно научниот совет на единицата | 02-1367/12 од 7.6.2023 |
| 4 | Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат односно Советот на научната установа | 02-873/8 од 29.9.2023 |
| 5 | Научно подрачје (Фраскатиева класификација) | Научно подрачје – хуманистички науки (6)<br>Поле – Филозофија (605)<br>Област - 60500 - Историја на филозофијата, 60501 – Логика, 60502 – Онтологија, 60503 – Етика, 60504 - Естетика |
| 6 | Вид на студии | Академски студии (докторски студии) |
| 7 | Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Националната рамка на квалификации | Квалификациите што се стекнуваат со завршување на студиската програма на интегрираните академски студии од трет циклус припаѓаат на ниво VIII |
| 8 | Години и семестри на траење на студиската програма | Три години/шест семестри |
| 9 | Оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС-кредити | Академски студии – 180 кредити |
| 10 | Научниот назив со кој што студентот се стекнува по завршувањето на студиската програма | Доктор по филозофски науки |
| 11 | Научниот назив на англиски јазик што студентот го добива по завршувањето на студиската програма | PhD in Philosophy |
| 12 | Учебна година во којашто ќе започне реализацијата на студиската програма | 2024/2025 |
| 13 | Број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма | 18 |
| 14 | Јазик на којшто ќе се изведува наставата | - Македонски јазик<br>- „прозорци за мобилност”, односно наставните предмети може да се изведуваат и на англиски јазик.<br>- Наставата и научноистражувачката работа, односно полагањето на испитите може да се изведува и на англиски јазик. |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Начин на финансирање на предложената студиска програма | Самофинансирање на студентите.<br>Школарината изнесува 5200 евра (во денарска противвредност) |
| 16 | Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти | Студиите ќе бидат отворени за сите кандидати кои ги исполнуваат условите за упис на докторските студии согласно објавениот конкурс и кои имаат завршено студии од прв циклус по филозофија и студии од втор циклус по филозофија или сродни дисциплини од општествените и хуманистичките науки. Кандидатите треба да имаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00 (I и II циклус на студии, односно додипломски и постдипломски студии). |
| 17 | Информација за продолжување на образованието | Можност за постдокторски студии и истражувања |

## 3. Цел и оправданост за воведување на студиската програма

Статусот на филозофијата како фундаментално поле на истражување во подрачјето на хуманистичките науки, во чии рамки се промислуваат претпоставките и принципите, но и се синтетизираат и вреднуваат клучните резултати на интелектуалната дејност на човештвото, ја наметнува потребата од водење особена грижа за нивото и за квалитетот на филозофското образование и истражување во рамките на нашата академска, и воопшто, општествена заедница. Имено, создавањето на врвно оспособени академски кадри од областа на филозофијата и нејзините дисциплини едновремено значи инвестирање во градењето на препознатлив интелектуален идентитет кој би требало да биде обележје на новите генерации на македонската хуманистичка и општествена мисла.

Студиските барања поставени во рамките на оваа програма се насочени кон обликувањето на кохерентен образовен профил кој ќе ги квалификува студентите за титулата „доктор од подрачјето на хуманистичките науки од полето на филозофијата". Стекнувањето на оваа титула би требало да претставува гаранција дека личноста која ја поседува има врвни познавања од областа на филозофијата и нејзините дисциплини, како во квантитативна, така и во квалитативна смисла, но и дека ги владее во највисок степен не само општите методолошки компетенции за научно-истражувачка дејност, туку и специфичните компетенции карактеристични за филозофското образование. Од овие компетенции, докторските студии по филозофија имаат за цел систематски да ги унапредуваат способностите за:

- автономно, логички доследно, креативно, критичко и авто-рефлексивно мислење, во кое аналитичките моќи се надополнуваат со капацитетите за синтеза и теориска имагинација;
- асимилирање широки полиња на сложени информации кои потекнуваат од различни извори и применување на различни аналитичко-синтетички матрици во нивниот третман;
- одмерување на важноста на алтернативните приоди кон проблемите кои се поставуваат пред истражувачот;
- изнаоѓање оригинални перспективи и решенија за идентификуваните проблеми;
- развивање на интелектуална флексибилност неопходна за соочување со новите ситуации и промените во теориските и практичните контексти;
- интердисциплинарна отвореност, надминување и проблематизирање на традиционалните дисциплинарни граници;
- примена на филозофските вештини и техники и врз проблемите од вонакадемскиот, односно поширокиот општествен контекст.

Со цел да се постигне што е можно повисок квалитет на докторските студии по филозофија, студиската програма е конципирана во согласност со следниве фундаментални принципи:

1) Обезбедување обемна методолошка подготовка на докторантите (реализирана преку Школата за докторски студии), преку задолжителни и изборни курсеви и активности кои ќе ги подготвуваат за владеење со општите и специфичните методи и техники на научноистражувачката работа;

2) Обезбедување увид во најновите научни трендови во филозофската мисла и специјализирање во некое од нејзините потесни подрачја, на кое се однесува докторската дисертација и истражувањата спроведени

во функција на нејзината изработка. Низ обемната листа на изборни предмети од полето, областа и од потесната област на истражување, кои нудат високо специјализирани знаења од темелните филозофски дисциплини – Логика, Онтологија, Епистемологија, Етика, Естетика, Филозофска антропологија, Историја на филозофијата, Филозофија на културата, итн., докторантите ќе можат да ги насочат своите истражувања кон подрачјата што се најтесно поврзани со темата на нивната докторска дисертација. Исто така, во текот на студирањето, студентите ќе бидат поттикнувани да земаат активно учество на домашни и меѓународни конференции и други облици на академска дејност низ кои ќе можат да ги презентираат резултатите од своите докторски истражувања и да добиваат продуктивни сугестии за насоките на своето професионално усовршување. На тој начин, идните доктори по филозофија систематски ќе се подготвуваат за рамноправно вклучување во европскиот, па и светскиот простор на научно истражување и творештво.

## 4. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за даденото кадровско профилирање

Во сложените услови на современиот живот, каде моќта за проникнување во законитостите што ја диктираат социјалната динамика е подеднакво важна како и моќта за артикулирање на вредностите, целите и принципите што ја насочуваат индивидуалната и колективната акција, засилувањето на капацитетот за самостојно истражување и критичко мислење на студентите низ највисоките степени на филозофското образование се поставува како исклучително значајна академска задача. Остварувањето на таа задача е една од главните цели на студиската програма за трет циклус – докторски студии од подрачјето на хуманистичките науки од полето на филозофијата.

Студентите кои завршуваат студии по филозофија на прв, втор и особено на трет циклус студии, благодарение на темелните и широки знаења што ги стекнуваат, како и на интердисциплинарноста и слоевитоста на програмите, оспособени се да се вработуваат и покажуваат забележителни резултати во работата во:
- јавни и државни научни установи и институции;
- институции од сферата на културата;
- образовни институции на сите степени на образованието;
- институции за јавно информирање (медиуми, агенции и сл.);
- институции и субјекти што се занимаваат со издавачка дејност;
- владини и невладини организации;
- меѓународни институции и тела.

## 5. Општи дескриптори на квалификации за трет циклус на студии со 180 ЕКТС, студиска програма Филозофија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

| Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации | | Високо образование | Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации |
|---|---|---|---|
| VIII | | | 8 |
| | | III циклус на студии – докторски студии | |

**Квалификации што означуваат успешно завршување на третиот циклус на студии (60/120 ЕКТС) му се доделуваат на лице што ги исполнува условите според следните дескриптори на квалификациите:**

## 5.1. Општи дескриптори на квалификации за трет циклус на студии со 180 ЕКТС, студиска програма Филозофија, Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | - Продлабочено и систематско познавање и разбирање на темелните поими, проблеми и типови решенија во сопственото поле на истражување;<br>- Владеење со истражувачките методи и техники во рамките на тоа поле согласно највисоките меѓународни стандарди. |
| Примена на знаењето и разбирањето | - Оспособеност за примена на стекнатите знаења преку самостојно откривање и формулирање на истражувачки проблеми и нивно решавање низ адекватно осмислен и консеквентно спроведен истражувачки процес;<br>- Оспособеност за давање придонес кон унапредувањето на постојните научни сознанија преку оригинални истражувања кои резултираат со нови знаења, вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации;<br>- Подготвеност за раководење или за вклучување во национални и интернационални истражувачки и експертски тимови во согласност со најсовремените стандарди на академската и научната дејност. |
| Способност за проценка | - Оспособеност за критичка анализа и евалуација на нови и сложени идеи, со продлабочен увид во нивните претпоставки, цели и консеквенции;<br>- Оспособеност за донесување втемелени и добро образложени судови за комплексни проблеми и ситуации во полето на сопствената експертиза;<br>- Развивање на иновативни пристапи во идентификувањето и решавањето на теориските и практичните проблеми во својата област. |
| Комуникациски вештини | - Способност и подготвеност сопствените знаења, идеи и вештини од областа на професионалната експертиза да се споделат со колегите, пошироката академска заедница и со општеството во целина, со почитување на највисоките стандарди на академскиот интегритет. |
| Вештини за учење | - Оспособеност за континуирано самостојно учење и надградување на сопствените професионални знаења и вештини;<br>- Промовирање на новите технолошки, општествени и културни достигнувања во академскиот, професионалниот и поширокиот општествен контекст. |

## 5.2. Специфични дескриптори на квалификации за трет циклус на студии со 180 ЕКТС, студиска програма Филозофија, на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | - Поседува опстојни и продлабочени знаења од областа на филозофијата и нејзините дисциплини, како во историска, така и во систематска смисла, со особен акцент врз дисциплината односно дисциплините кои се предмет на неговата/нејзината специјализација во текот на докторските студии (историја на филозофијата, логика, епистемологија, етика, естетика, филозофска антропологија итн.);<br>- Суверено владее со општиот филозофски категоријален апарат и со специјализираната терминологија во подрачјето на сопствената експертиза;<br>- Суштински ги разбира традиционалните и современите проблеми во дисциплината во која се усовршува во текот на докторските студии и може да презема самостојни истражувања во нејзини рамки;<br>- Поседува развиени логичко-аналитички способности, капацитет за синтеза и теориска имагинација, вештини за критичко мислење и аргументирање, способност за интерпретација на мислите и идеите преземени како од историските извори, така и од современите трендови;<br>- Владее со методите и техниките на филозофските истражувања, поседува увид во нивните специфики, компаративни предности и недостатоци, како и способност за нивно натамошно усовршување и иновирање на планот на филозофската методологија. |
| Примена на знаењето и разбирањето | - Умее стекнатите општи знаења од областа на филозофијата, како и од потесното подрачје на специјализација, да ги примени на методолошки издржан и креативен начин;<br>- Може да планира и спроведува оригинални истражувања во областа на филозофијата и нејзините дисциплини и преку новите знаења да го унапредува развојот на областа во која работи;<br>- Подготвен/подготвена е да зема учество во национални и меѓународни истражувачки тимови и да објавува трудови од полето на сопствената експертиза во домашни и меѓународни рецензирани публикации, во согласност со највисоките академски стандарди. |
| Способност за проценка | - Поседува способност за разбирање, преиспитување и примена на разновидни теориски позиции во областа на сопствените истражувања и за одмерување на важноста и издржаноста на алтернативните перспективи;<br>- Владее со опстојни и разновидни корпуси на информации и аргументи и кон нив се однесува на критички и авто-рефлексивен начин;<br>- Покажува јасност и прецизност во критичкото оценување на аргументите во прилог на изнесените мисли и идеи;<br>- Поседува развиено чувство за идентификување и решавање на сложени филозофски проблеми низ иновативни пристапи, како и за избирање на оптималните текови на индивидуалното и колективното дејствување во комплексни ситуации. |
| Комуникациски вештини | - Поседува способност за јасно и артикулирано елаборирање на сложени филозофски концепти и идеи и нивно пренесување на различни аудиториуми;<br>- Покажува подготвеност за споделување на сопствените идеи, откритија и сознанија со останатите членови на филозофската, научната и пошироката општествена заедница, со почитување на највисоките стандарди на интелектуалната чесност и интегритет. |

| | |
|---|---|
| Вештини за учење | - Поседува способност и интерес за постојано самоусовршување во областа на филозофијата, а особено во подрачјето на потесната специјалност;<br>- Ги следи најновите достигања во областа на технолошкиот, општествениот и културниот развој и преку соодветна анализа и интерпретација на нивните претпоставки, цели и консеквенции ги промовира во поширокиот општествен контекст. |

## 6. Утврден соодност помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите.

### СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

**Табела 6.1. Распоред на предметите по семестри и студиски години**

| Семестар | Код или реден број | Назив на предмет/активност | Број на ЕКТС-кредити | | Припадност на предмет/активност согласно ЗВО |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Задолжителни предмети/активнсоти | Изборни предмети | |
| Прв | 1. | Етика во научноистражувачката работа од полето филозофија | 3 | | Академска обука |
| | 2. | Методологија на научноистражувачката работа од подрачјето на хуманистичките науки | 3 | | Академска обука |
| | 3. | Предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетска листа на изборни предмети | | 6 | Академска обука |
| | 4. | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења (Задолжителен или изборен) | | 6 | Академска обука |
| | 5. | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења (Задолжителен или изборен) | | 6 | Академска обука |
| | 6. | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | | 6 | Академска обука |
| | | Вкупно | 6 | 24 | |
| Втор | 7. | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | | 6 | Академска обука |
| | 8. | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | | 6 | Академска обука |
| | 9. | Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-докторски проект) | 14 | | Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект) |
| | 10. | Прва годишна конференција | 4 | | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | | Вкупно | 18 | 12 | |
| Трети | 11. | Предлог-докторски проект | 27 | | Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 12. | Прв докторски семинар | 3 | | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | | Вкупно | 30 | 0 | |
| Четврти | 13. | Изработка на докторскиот труд | 20 | | Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект |
| | 14. | Меѓународна мобилност | 6 | | Меѓународна мобилност |
| | 15. | Втора годишна конференција | 4 | | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | | Вкупно | 30 | 0 | |
| Петти | 16. | Активности за објавувањето на два труда во референтна научна публикација | 20 | | Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| | 17. | Учество на меѓународен собир | 7 | | Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| | 18. | Втор докторски семинар | 3 | | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | | Вкупно | 30 | 0 | |
| Шести | 19. | Трета годишна конференција | 4 | | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | 20. | Одбрана на докторскиот труд | 26 | | Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект |
| | | Вкупно | 30 | 0 | |

| Код | Предмет | Реализатори | Кредити | часови |
|---|---|---|---|---|
| Ф01 | Методологија на научноистражувачката работа од полето филозофија | Проф. д-р Ана Димишковска | 3 | 30 |

| Код | Предмет | Реализатори | Кредити | часови |
|---|---|---|---|---|
| Ф02 | Етика во научноистражувачката работа од подрачјето на хуманистичките науки | Проф. д-р Дејан Донев | 3 | 30 |

**Табела 6.2. Изборни наставни предмети на студиската програма**

| Реден број | Код | Назив на предметот | Семестар | ЕКТС | Научна област на која му припаѓа изборниот предмет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | S07P01 | Логос и космос во античката филозофија | Прв/втор | 6 | 60500 Историја на филозофијата |
| 2. | S07P02 | Филозофијата на личноста во Византија | Прв/втор | 6 | 60500 Историја на филозофијата |
| 3. | S07P03 | Егзистенцијализмот и филозофијата на животот | Прв/втор | 6 | 60500 Историја на филозофијата |
| 4. | S07P04 | Германски класичен идеализам | Прв/втор | 6 | 60500 Историја на филозофијата |
| 5. | S07P05 | Критичка теорија и Франкфуртската школа | Прв/втор | 6 | 60500 Историја на филозофијата<br>60515 Современа филозофија |
| 6. | S07P06 | Структурализам и пост-структурализам | Прв/втор | 6 | 60500 Историја на филозофијата<br>60515 Современа филозофија |
| 7. | S07P07 | Историја на источните филозофии | Прв/втор | 6 | 60514 Филозофија на религијата<br>60500 Историја на филозофијата |
| 8. | S07P08 | Филозофија и религија | Прв/втор | 6 | 60514 Филозофија на религијата |
| 9. | S07P09 | Религијата и моралот | Прв/втор | 6 | 60514 Филозофија на религијата |
| 10. | S07P10 | Филозофија на логиката | Прв/втор | 6 | 60501 Логика |
| 11. | S07P11 | Индуктивна логика | Прв/втор | 6 | 60501 Логика |
| 12. | S07P12 | Теории за вистината во XX век | Прв/втор | 6 | 60505 Епистемологија |
| 13. | S07P13 | Еколошка естетика | Прв/втор | 6 | 60504 Естетика |
| 14. | S07P14 | Балканска естетика | Прв/втор | 6 | 60504 Естетика |
| 15. | S07P15 | Дискурси на постмодернизмот | Прв/втор | 6 | 60515 Современа филозофија |
| 16. | S07P16 | Историја на филозофската антропологија | Прв/втор | 6 | 60512 Филозофска антропологија |
| 17. | S07P17 | Современите проблеми во биоетиката | Прв/втор | 6 | 60503 Етика |
| 18. | S07P18 | Биополитика | Прв/втор | 6 | 60503 Етика<br>60511 Филозофија на политиката |
| 19. | S07P19 | Политичка антропологија | Прв/втор | 6 | 60511 Филозофија на политиката |

# 6. Список на наставен кадар со податоци наведени во Прилог бр.4

**Табела 7.1. Список на наставници предвидени за реализација на студиската програма**

| | Наставник | Назив на наставен предмет/активност за кој е ангажиран на трет циклус | Семестар |
|---|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Ферид Мухиќ | Егзистенцијализмот и филозофијата на животот<br>Германски класичен идеализам | Прв/втор |
| 2. | Проф. д-р Љубомир Цуцуловски | Историја на источните филозофии<br>Филозофија и религија (со проф. д-р Марија Тодоровска)<br>Религијата и моралот (со проф. д-р Марија Тодоровска) | Прв/втор |
| 3. | Проф. д-р Мирко Ѓошевски | Индуктивна логика<br>Теории за вистината во XX век | Прв/втор |
| 4. | Проф. д-р Вера Георгиева | Логос и космос во античката филозофија (со проф. д-р Јасмина Поповска)<br>Филозофијата на личноста во Византија (со проф. д-р Јасмина Поповска) | Прв/втор |
| 5. | Проф. д-р Бранислав Саркањац | Политичка антропологија | Прв/втор |
| 6. | Проф. д-р Иван Џепароски | Еколошка естетика<br>Балканска естетика | Прв/втор |
| 7. | Проф. д-р Ана Димишковска | Методологија на научноистражувачката работа од обласа<br>Филозофија на логиката | Прв<br>Прв/втор |
| 8. | Проф. д-р Дејан Донев | Етика во научноистражувачката работа од обласа<br>Современите проблеми во биоетиката<br>Биополитика | Прв<br>Прв/втор |
| 9. | Проф. д-р Ристо Солунчев | Критичка теорија и Франкфуртската школа<br>Структурализам и пост-структурализам | Прв/втор |
| 10. | Проф. д-р Вангел Ноневски | Дискурси на постмодернизмот<br>Историја на филозофската антропологија | Прв/втор |
| 11. | Проф. д-р Јасмина Поповска | Логос и космос во античката филозофија (со проф. д-р Вера Георгиева)<br>Филозофијата на личноста во Византија (со проф. д-р Вера Георгиева) | Прв/втор |
| 12. | Проф. д-р Марија Тодоровска | Филозофија и религија (со проф. д-р Љубомир Цуцуловски)<br>Религијата и моралот (со проф. д-р Љубомир Цуцуловски) | Прв/втор |

## 7. Список на акредитирани ментори согласно член 136 став 8 од Закон за високо образование

**Табела 8.1. Список на акредитирани ментори[2]**

| | Акредитиран ментор | Наставно-научно звање на менторот | Број и датум на решение за акредитација на ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Бранислав Саркањац | Редовен професор | 08-1081/4 од 23.01.2023 |
| 2. | Проф. д-р Ана Димишковска | Редовен професор | 12-74/3 од 10.07.2014 |
| 3. | Проф. д-р Дејан Донев | Редовен професор | 08-1872/2 од 16.09.2019 |
| 4. | Проф. д-р Ристо Солунчев | Редовен професор | 08-1082/4 од 23.01.2023 |
| 5. | Проф. д-р Јасмина Поповска | Вонреден професор | 1409-199/6 од 14.05.2019 |
| 6. | Проф. д-р Марија Тодоровска | Вонреден професор | 1409-199/7 од 14.05.2019 |

**Табела 8.2. Список на поднесени барања за акредитација на ментори[3]**

| | Наставник | Наставно-научно звање на менторот | Број и датум на решение за акредитација на ментор[4] |
|---|---|---|---|
| 1. | / | | |

## 8. Список на научноистражувачки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар

**Табела 9.1. Список на наставници и научноистражувачки проекти**

| | Наставник | Назив на научноистражувачкиот проект | Година на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Дејан Донев, проф. д-р Јасмина Поповска, проф. д-р Марија Тодоровска, проф. д-р Иван Џепароски, проф. д-р Ана Димишковска | *Теориска и практична надградба на предметните програми од филозофскиот корпус предмети (филозофија, етика, логика, естетика) за средно образование* | 2018 |
| 2. | Проф. д-р Дејан Донев, проф. д-р Јасмина Поповска, проф. д-р Марија Тодоровска, проф. д-р Иван Џепароски, проф. д-р Ана Димишковска | *Philosophy with Children for Wider Social Inclusion (SOPHIE)* | 2022-2024 |

[2] Се пополнува доколку се бара повторна акредитација на студиска програма.
[3] Се пополнува доколку се бара акредитација на нова студиска програма.
[4] Се наведува архивскиот број под кој е заверено барањето за акредитација на ментор во високообразовната институција што го поднесува барањето.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Проф. д-р Ана Димишковска, проф. д-р Јасмина Поповска, проф. д-р Марија Тодоровска | *Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа* | 2013-2016 |
| 4. | Проф. д-р Иван Цепароски, проф. д-р Ана Димишковска | *Макропроект: Македонска терминологија (Терминологија од областа на филозофијата)* | 2019-2022 |
| 5. | Проф. д-р Иван Цепароски, проф. д-р Марија Тодоровска | *Поимник на книжевната теорија* | 2017-2020 |
| 6. | Проф. д-р Иван Цепароски | *Историја на културата на почвата на Македонија* | 2018-2021 |
| 7. | Проф. д-р Дејан Донев | *Intergrative Bioetichs in South-Eastern Europe – Internationalen Master-Studiengang, „Integrative Bioethik"* | 2010-сега |
| 8. | Проф. д-р Дејан Донев | *Regionalna skupina za bioetički edukaciji* | 2011-сега |
| 9. | Проф. д-р Дејан Донев | *Европа, овде и сега: Анализа на дискурсот на европеизација во медиумите на Западниот Балкан* | 2012-2013 |
| 10. | Проф. д-р Дејан Донев | *BioEthical Standards in T1-T4 Stages of Translational Research in Life Sciences" - COST Action Project OC-2016-1-20895 from the COST Open Call OC-2016* | 2016-2019 |
| 11. | Проф. д-р Вангел Ноневски | *Примена на херменевтичките методи во толкувањето на книжевните дела* | 2014-2015 |
| 12. | Проф. д-р Вангел Ноневски | *Хип-хоп култура (40 години уметнички перформанс)* | 2019 |
| 13. | Проф. д-р Вангел Ноневски | *Критика и молк: читање на македонската литература и култура* | 2016 |
| 14. | Проф. д-р Марија Тодоровска | *Иновациите низ ракурсот на општествените и хуманистичките науки* | 2020 |

**Табела 9.2. Табеларен приказ на број на наставници и научно-истражувачки проекти**

| | | Број на наставници |
|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на наставници на високообразовната установа | 103 |
| 2. | Вкупен број на наставници вклучени во реализација на научноистражувачки проекти | 103 |
| 3. | Процентуално учество на наставниците вклучени во реализација на научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број наставници | 100% |

# Прилог бр. 3
# Содржина на предметните програми

## Реден број на прилогот: 1

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од трет циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Методологија на научноистражувачката работа од полето Филозофија | | | |
| 2. | Код | Ф01 | | | |
| 3. | Студиска програма | Филозофија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за филозофија, Филозофски факултет - Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Трет циклус | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Прва година / прв семестар | 7. | Број на ЕКТС- кредити | 3 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Ана Димишковска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>- Студентите да стекнат темелни познавања од сферата на научната методологија, како во сегментот на општата методологија на научноистражувачката работа, така и во методологијата од подрачјето на хуманистичките науки, и поспецифично, во полето на филозофијата;<br>- Студентите да се здобијат со продлабочени знаења за принципите и карактеристиките на филозофските методи со кои се истражувани и решавани клучните филозофски прашања и кои имаат фундаменталното значење не само на планот на филозофското, туку и на научното мислење воопшто;<br>- Студентите да се оспособат за следење на најновите методолошки трендови во областа на нивното професионално усовршување, со особен акцент врз интердисциплинарната димензија на филозофската методологија;<br>- Студентите да се оспособат за самостојна и критичка примена на научноистражувачките методи и постапки, а особено на методите на филозофското мислење, во иницирањето, планирањето и реализирањето на самостојни научни истражувања, односно создавањето на сопствени научни и филозофски дела. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>- Предметот и методот на науката; општа, посебни и специјални методологии; општи научни методи и општа постапка на научното истражување; преглед на квантитативните и на квалитативните истражувачки методи; структурата на научните трудови; документарната подлога на научните трудови: цитирање, парафразирање, избегнување на плагијаторство; изработка на предлог-проект за истражување (елаборат);<br>- Условеноста на методолошките парадигми од генералните теориски позиции: емпиристичко-индуктивен метод; рационалистичко-дедуктивен метод; критичката филозофска методологија; позитивизам, херменевтички метод, структурализам и постструктурализам, феноменолшки метод, методолошки „анархизам“;<br>- Специфични методски постапки во филозофскиот дискурс: историскиот и критичко-компаративен метод на толкување на филозофските текстови; дијалектичката структура на филозофската аргументација и нејзините дијалошки аспекти; концептуалната анализа како филозофски метод; мисловен експеримент („Gedankenexperiment“); конструирање на апстрактни теориски модели во филозофијата и тестирање на нивната објаснувачка моќ. | | | | | |
| 12. | Методи на учење: Консултирање на релевантна литература, консултации со предметниот наставник, самостојни истражувања на зададени теми од предметот, пишување на студентски трудови и нивно презентирање. | | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 90 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 30+20+40=90 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања (теоретска настава) и дискусии | | 30 часа |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | 20 часа |
| | | 16.3. | Домашно учење | | 40 часа |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна) | 40 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 17.2. | Устен испит/презентација | | 30 | |
| | 17.3. | Активност и учество во дискусии | | 30 | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | | Редовност на предавањата (за потпис) и предаден писмен труд (за полагање завршен испит) | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | Македонски (со можност за изведување на наставата и на англиски јазик) | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Евалуација и самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Панзова, В. | *Вештината на истражувањето: општите постапки во научната работа* | Филозофски факултет, Скопје | 2018 |
| | | 2. | Брајман, А. | *Методи на општественото истражување* | Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола | 2014 |
| | | 3. | Cappelen, H. and al., eds. | *The Oxford Handbook of Philosophical Methodology* | Oxford University Press, Oxford | 2016 |
| | | 4. | Booth, W. C. et al., eds. | *The Craft of Research* (4th ed.) | Chicago University Press, Chicago | 2016 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Трајковски, В. и Ангелоска Галевска, Н. | *Академско пишување и објавување* | Филозофски факултет, Скопје | 2022 |
| | | 2. | Murray, R. | *How to Write aTthesis* (3rd ed.) | Open University Press, Berkshire | 2011 |
| | | 3. | D’Oro, G. and Overdgaard, S., eds. | *The Cambridge Companion to Philosophical Methodology* | Cambridge University Press, Cambridge | 2017 |
| | | 4. | Daly, Ch. | *An Introduction to Philosophical Methods* | Broadview Press, Peterboroug | 2010 |

## Реден број на прилогот: 2

<table>
<tr><td colspan="2">Прилог бр.3</td><td colspan="4">Предметна програма од трет циклус на студии</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Етика во научноистражувачката работа со примена и примери во подрачјето на хуманистичките науки</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">Ф02</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Филозофија</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица - институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Институт за филозофија, Филозофскиот факултет – Скопје</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, трет, трет циклус)</td><td colspan="4">Трет циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>Прва година / прв семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС-кредити</td><td>3</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">проф. д-р Дејан Донев</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">нема</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции): по запознавањето со постулатите на научно-истражувачката етика, каде фокусот е на науката како значајна форма на човековото живеење и труд, потоа на развојот на етиката на науката во современата епоха, а особено на конституирањето на применета етика на науката, понатаму докторските кандидати треба преку конкретни дилеми и проблеми од полето на применетата етика, да добијат продлабочени сознанија за суштината, развитокот, целите и задачите на етиката на науката и нејзините резултати, како форма на практичка етика со особени морални форми, принципи и норми. Едновремено, докторските кандидати треба да се стекнат и со знаења и изградат ставови и критериуми за оценка, согласно философското обмислување на есенцијалните проблеми поврзани со можните опасности од техничкиот и технолошкиот развој, но и да изградат одговорен пристап кон научните резултати, повикувајќи се пред се на одговорноста на научниците во однос на заштита на природата, човекот и животот во целост.</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма: во самата содржина на наставната програма, акцентот е ставен на прашањата кои најмногу ја тангираат современата етика на научните истражувања, а бараат специфично обмислување - како да се носиме со новите и покомплексни проблеми во услови кога треба да обезбедиме истражувачки, академски интегритет, доверба, лојалност, дијалог, да покажеме одговорност, професионалност, доследност и искреност; потоа на современите тенденции и приоди во етиката денес кои се обидуваат да дадат одговор во решавањето на проблемите во науките и научните истражувања (развивање на една биоцентрична и холистичка парадигма на дејствување, нужноста од нова етика на одговорноста и реоткривање на моралниот однос кон природата и другите облици на живот); но и на параметрите според кои се дефинира и разликува човекот (права, карактер, достоинство) во однос на другите видови „живот“ во обидот да се поставaт патеките за идните генерации (проучувањето на мозокот, неврофармакологијата и контрола над однесувањето, продолжувањето на животот, генетско инженерство) и живот (голиот живот, правилата во биотехнологијата и политичката контрола над биотехнологијата).</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="5">Методи на учење: консултирање на релевантна литература, консултации со предметниот наставник, самостојни истражувања на зададени теми од предметот, пишување на студентски трудови.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="4">90 часа</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Распределба на расположивото време</td><td colspan="4">30+20+40=90</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td colspan="2">Предавања- теоретска настава.</td><td>30</td></tr>
<tr><td>15.2.</td><td colspan="2">Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа.</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1.</td><td colspan="2">Проектни задачи</td><td>/</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td colspan="2">Самостојни задачи</td><td>20</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td colspan="2">Домашно учење - задачи</td><td>40</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="5">Начин на оценување</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17.1. | Тестови | 60 |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | 20 |
| | 17.3. | Активност и учество | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | редовност во наставата | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски јазик | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација и самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Izrael, Mark & Hay, Iain | *Research ethics for social scientists* | SAGE, London | 2006 |
| | | 2. | Krznar, Tomislav | *Znanje i destrukcija* | Pergamena | 2011 |
| | | 3. | European commission, Directorate – General for Research and Innovation | *Options for strengthrning responsible research and innovation* | Publications office of the Europian Union, Luxembourg | 2013 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Shamoo, E. Adil & Resnik, B. David | *Responsible conduct of research* | Oxford University Press, New York | 2009 |
| | | 2. | European commission, Directorate – General for Research and Innovation | *Ethical and regulatory challenges to science and research policy at the global level* | Publications office of the Europian Union, Luxembourg | 2012 |
| | | 3. | Wisser, Richard | *Odgovornost u mijeni vremena* | Svjetlost | 1988 |

## Реден број на прилогот: 3

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од трет циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Логос и космос во античката филозофија | | | |
| 2. | Код | S07P01 | | | |
| 3. | Студиска програма | Филозофија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за филозофија, Филозофски факултет - Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Трет циклус | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Прва година<br>Прв/втор семестар | 7. | Број на ЕКТС- кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Вера Георива<br>Проф. д-р Јасмина Поповска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): Да се добијат продлабочени сознанија за филозофските категории „логос“ и „космос“ во античката филозофија и врската меѓу нив, како и врската со останатите филозофски категории: архе, фисис, битие-небитие, движење, познание; да се развие способност да се интерпретираат, анализираат и оценуваат автентичните антички философски текстови и притоа соодветно да се користи секундарната литература. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма: Хаос и создавање на космосот, време (aion, chronos и kairos) и вечност, хилозоизам, математика и космологија, макрокосмос и микрокосмос, движење и промена, монизам и плурализам, детерминизам, квалитет и квантитет, полисот како космос; космосот кај Анаксимандар, Хераклитовиот логос, Парменидовото едно, Питагорејската естетика и космосот, Анаксагориниот ум, Љубовта и Омразата кај Емпедокле, Платоновиот демијург, Аристотеловиот бог, Плотиновото Едно. | | | | |
| 12. | Методи на учење: Консултирање на релевантна литература, консултации со предметниот наставник, самостојни истражувања на зададени теми од предметот, пишување на студентски трудови. | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 30+75+75=180 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава и дискусии | | 30 часа |
| 16. | Други форми на активности | 16.2. | Самостојни задачи | | 75 часа |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | | 75 часа |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Устен испит | | 50 бода | |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | | 30 бода | |
| | 17.3. | Активност и учество | | 20 бода | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | | | Редовност на предавањата (за потпис) и предаден писмен труд (за полагање завршен испит) | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | | Македонски јазик | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | Евалуација и самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Изворни дела:<br>Diels, Herman.<br>Платон.<br>Аристотел.<br>Плотин. | *Die Fragmente der Vorsokratiker*.<br>*Тимај*.<br>*Метафизика*.<br>*Енеади*. | Кој било референтен превод | |
| | | 2. | Horky, Philip, Sidney. (ed.) | *Cosmos in the Ancient World.* | Cambridge: Cambridge University Press | 2019 |
| | | 3. | Rescher, Nicholas. | *Cosmos and Logos: Studies in Greek Philosophy*. | Frakfurt: Ontos Verlag | 2005 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Димишковска, Ана, Тошева, Даниела (прир.) | *Chronos и Kairos – античките концепти за времето* | Скопје: ФДМ и ЗКФ „Антика“ | 2017 |
| | | 2. | Vlastos, Gregory. | *Plato's Universe.* | Seattle: Parmenides Publishing | 2005 |
| | | 3. | Wright, M. R. | *Cosmology in Antiquity.* | London and New York: Routledge | 1995 |

## Реден број на прилогот: 4

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од трет циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Филозофија на личноста во Византија | | | |
| 2. | Код | S07P02 | | | |
| 3. | Студиска програма | Филозофија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за филозофија, Филозофски факултет - Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Трет циклус | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Прва година<br>Прв/втор семестар | 7. | Број на ЕКТС- кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Вера Геориева<br>Проф. д-р Јасмина Поповска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): Да се добијат продлабочени сознанија за филозофскиот проблем на личноста во Византија и филозофските категории поврзани со тој проблем; да се развие критичка способност за филозофска анализа на религијата; да се развие способност за согледување на суштинските сличности и разлики помеѓу филозофските учења во различните историски периоди; да се развие способност да се интерпретираат, анализираат и оценуваат автентичните византиски филозофски текстови и притоа соодветно да се користи секундарната литература. | | | | |
